**4521.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 2021 година.

Бр. 08-5401/1
20 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20), во член 34 ставот (2) се менува и гласи:

„Депозитар може да основаат брокерски куќи, банки, друштва за осигурување, друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, берзи и депозитари, со добиена дозвола за работење од орган надлежен за издавање на дозвола за работење на овие субјекти.“.

Член 2

Во член 35 ставот (1) се менува и гласи:

„Акционери во депозитарот можат да бидат брокерски куќи, банки, друштва за осигурување, друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, берзи и депозитари, со добиена дозвола за работење од орган надлежен за издавање на дозвола за работење на овие субјекти.“.

Член 3

Во член 45 ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член депозитарот може да купи или на друг начин да стекне или поседува државни хартии од вредност, сопствени хартии од вредност или хартии од вредност издадени од други берзи и депозитари, со добиена дозвола за работење од орган надлежен за издавање на дозвола за работење на овие субјекти.“.

Член 4

Во член 87 ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член берзата може да купува или на друг начин да стекнува или поседува државни хартии од вредност, сопствени акции или хартии од вредност издадени од други берзи и депозитари, со добиена дозвола за работење од орган надлежен за издавање на дозвола за работење на овие субјекти.“.

Член 5

Во член 123 ставот (1) се менува и гласи:

„Паричните средства на клиентот дадени на брокерската куќа за плаќање на обврските за купените хартии од вредност или паричните средства добиени со продажба на хартии од вредност на клиентот, брокерската куќа ги води на посебна сметка отворена за таа намена.“.

Во ставот (2) зборовите: „„освен ако поинаку не е договорено“ се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Паричните средства на посебната сметка од ставот (1) на овој член можат да се користат во согласност со инструкциите на клиентот, на начин пропишан од страна на Комисијата.“.

Член 6

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20), во член 31 зборовите: „30 април 2022 година“ се заменуваат со зборовите: „30 април 2024 година“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË LETRAVE ME VLERË**

Neni 1

Në Ligjin e Letrave me Vlerë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 dhe “Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 31/20), neni 34, paragrafi (2) ndryshon dhe thotë: